Кој ќе умре без да Му припишува рамен на Аллах, ќе влезе во Џенетот. А кој ќе умре припишувајќи Му рамен на Аллах, ќе влезе во Огнот.’“

Џабир, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Еден човек дојде кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го праша: ‚О, Аллахов Пратенику, кои се двете неопходни работи?’ Божјиот пратеник одговори: ‘Кој ќе умре без да Му припишува рамен на Аллах, ќе влезе во Џенетот. А кој ќе умре припишувајќи Му рамен на Аллах, ќе влезе во Огнот.’“

[رواه مسلم] [صحيح]

Еден човек го праша Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, за двете патеки: едната води кон влезот во Џенетот, а другата кон влезот во Огнот. Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, одговори: Патеката која води до влез во Џенетот е човекот да умре обожувајќи Го само Аллах и да не Му припишува ништо/никого како здруженик. А патеката која води до влез во Огнот е човекот да умре припишувајќи Му нешто на Аллах, сметајќи го истовремено за рамноправен и сличен со Аллах во Неговата божественост, господство или имиња и својства.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65008